Македонската медиумска асоцијација ММА Скопје, како заедничка асоцијација на петте национални телевизии во РМ и тоа: КАНАЛ 5 телевизија, СИТЕЛ Телевизија, АЛСАТ-М Телевизија, ТЕЛМА Телевизија и АЛФА Телевизија Скопје, а пред се како здружение за заштита на интересите на медиумите, во рамки на своето работење на ден 05.11.2018 година ги донесе следниве предлог измени на член 15 од Правилникот за содржината и формата на пријавата за евидентирање во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети и на потврдата за регистрација на програмски пакети/сервиси, а во врска со чл.141 од Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**ПРЕДЛОГ ИЗМЕНИ Правилникот за содржината и формата на пријавата за евидентирање во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети и на потврдата за регистрација на програмски пакети/сервиси:**

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 12. 11. 2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 4963 | 1 | |

Во дата
Рок на чување
20 г.
Скопје

**Член 1**

**Се дополнува, односно по точка 3 од член 15 од Правилникот се додава нова точка 4 и гласи:**

4. Договорот за реемитување на програмски сервиси задолжително да содржи одредба со која странските радиодифузери во целост гарантираат дека ги имаат уредено сите авторски/сродни/лиценцни ТВ права за територија на Република Македонија за севкупниот програмски сервис, без исклучок на сите содржини кои се и ќе се емитуваат за цело времетраење на предметниот договор.

Во спротивно Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ќе ја одбие пријавата за регистрација како неоснована, а операторите на јавни електронски комуникациски мрежи немаат право да ги реемитуваат овие програмски сервиси односно пакети.

**Член 2**

Точка 4, точка 5 и точка 6 од членот 15 стануваааат точка 5, точка 6 и точка 7.

**Член 3**

Се менува член 20 од Правилникот, и гласи:

Со стапување во сила на овие измени, сите оператори на јавни електронски комуникациски мрежи се должни во рок од 15 дена да извршат пререгистрација на програмските сервиси/пакети кај Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Македонска медиумска асоцијација**
**ММА Скопје**